Врз основа на член 9 став 7 од Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021), Државната комисија за спречување на корупцијата, на 56 седница одржана на 10.12.2021 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПРИЈАВАТА И ИЗЈАВИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЛОБИСТИ, ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЛОБИРАЊЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за пријавата и изјавите за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање.

## Член 2

Пријавата за запишување на лобист во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање ги содржи следните податоци на лицето кое се пријавува за лобист:

- име и презиме;
- матичен број;
- државјанство;
- адреса на живеалиште/престојувалиште;
- е-пошта за контакт;
- областите за кои лицето го регистрира својот интерес да врши лобирање и
- потпишана изјава со која лицето потврдува непостоење на ограничувањата за вршење на лобирање од членот 7 од Законот за лобирање.

Пријавата од став 1 на овој член е во електронска форма и подносителот ја потпишува со електронски потпис.

## Член 3

Пријавата за запишување на лоби организација во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање ги содржи следните податоци на правното лице кое се пријавува за лоби организација:

- назив;
- матичен број на субјектот;
- адреса на седиштето;
- е-пошта за контакт;
- областите за кои правното лице го регистрира својот интерес да врши лобирање;
- список на лицата кои се запишуваат за претставници на лоби организацијата (со име и презиме, матичен број, адреса на живеалиште/престојувалиште за секој претставник посебно),
- приложени потпишани изјави на лицата кои се запишуваат за претставници на лоби организацијата, со кои поединечно потврдуваат непостоење на ограничувањата за вршење на лобирање од членот 7 од овој Законот за лобирање.

Пријавата од став 1 на овој член е во електронска форма и подносителот ја потпишува со електронски потпис.

## Член 4

Изјавата која е во прилог на пријавата од член 3, односно пријавата од член 4 од овој правилник, а со која се потврдува непостоење на ограничување за вршење на лобирање од членот 7 од Законот за лобирање, ги содржи следните податоци:

- име и презиме, матичен број, државјанство, адреса на живеалиште/престојувалиште на физичкото лице кое се пријавува за лобист, односно лицето кое се запишува за претставник на лоби организацијата и

- изјава од физичкото лице кое се пријавува за лобист, односно од лицето кое се запишува за претставник на лоби организацијата со која потврдува дека не постои ниту едно од ограничувањата за вршење на лобирање од член 7 од Законот за лобирање.

Изјавата од став 1 на овој член е во електронска форма и подносителот ја потпишува со електронски потпис.

**Член 5**

Формата и содржината на образецот за пријавата и изјавите за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање се дадени во прилог и се составен дел од овој правилник.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе се отпочне да се применува од денот на отпочнување на примената на Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021).

бр. 02-6448/2
10.12.2021 година
Скопје

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Билјана Ивановска, претседател

**ПРИЛОГ 1**

# П Р И Ј А В А
# ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЛОБИСТИ, ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЛОБИРАЊЕ

**Поднесувам пријава за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање за:**

| 1. ЛОБИСТ | 2. ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИЈА |
|---|---|
| ☐ | ☐ |

**Напомена: Во полето со знак X означете за што ја поднесувате пријавата**

## 1. ЛОБИСТ

Податоци за лицето кое за пријавува за лобист:

| | |
|---|---|
| име и презиме | |
| матичен број | |
| државјанство | |
| адреса на живеалиште/престојувалиште (улица, број, град, поштенски код) | |
| е-пошта | |

## 2. ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИЈА

Податоци за правното лице кое за пријавува за лоби организација:

| | |
|---|---|
| назив | |
| матичен број на субјектот | |
| адреса на седиште (улица, број, град, поштенски код) | |
| е-пошта | |

## 2.1 ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Податоци за лицата кои се запишуваат за претставници на лоби организацијата:

| | |
|---|---|
| име и презиме | |
| матичен број | |
| државјанство | |
| адреса на живеалиште/престојувалиште (улица, број, град, поштенски код) | |
| е-пошта | |

**Напомена: Оваа табела се пополнува поединечно за секое лице кое се запишува за претставник на лоби организацијата.**